Врз основа на член 8 став (2) од Законот за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, за месеците октомври, ноември и декември 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 267/20), министерот за финансии донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ПРИМЕНАТА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за пресметување на износот за враќање на примената финансиска поддршка.

Член 2

Барањето за пресметување на износот за враќање на примената финансиска поддршка се поднесува на образец „ДБ-БВ-ФП” отпечатен на хартија во бела боја во А-4 формат.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.